Бр./Nr 12-9343/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT 04-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-9343/1 од 23.11.2022 година, со наводи за работење на државните институции спротивно на закон, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што оцени дека постапиле надлежни органи.

Предметот со број 12-9343/1 од 23.11.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 23.11.2022 година, поднесена е пријава со наводи за работење на државните институции спротивно на закон и оформен е предмет број 12-9343/1 од 23.11.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека државните институции работат спротивно на закон при што како најдобра опција било непознат сторител со цел да ги заштитат извршителите на тешки кражби и издавање од „оп. Гази Баба" на решенија за трансформација но не се наоѓаат во архивското депо.

Во прилог на пријавата се доставени во копија следните документи: Решение од ОЈО Скопје од 27.03.2007 година, со која се отфрла кривична пријава против ------------------------------- инспектор од МВР за злоупотреба на службената положба и овластување и примање поткуп, а во врска со негово постапување во однос на пријавена кражба на трактор од страна на подносителот; известување до подносителот од страна на Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР; фактура од 23.02.1990 година од -------------------- ц.о. Скопје; барање до Основен суд Скопје I од 22.04.2009 година за изземање на судија -------------------; решение на Основен суд Скопје I од 10.04.2009 година со кое барањето за изземање се отфрла како неосновано; потврда од 29.11.2001 година од ОВР Гази Баба дека на 20.11.2001 година одземен е трактор од непознат сторител; приговор од подносителот доставен до МВР а примен на 30.07.2012 година; барање до МВР од подносителот примено на ден 18.07.2014 година; жалба до ОЈО Скопје примена на 30.05.2019 година; решение на Кривичен совет при Основен суд Скопје I за отфрлање на субсидијарен обвинителен акт од страна на подносителот; покана од ОЈО Скопје

од 04.10.2017 година за подносителот во својство на осомничен за кривично дело Лажно пријавување на кривично дело; известие од Основен суд Скопје II од 17.04.2013 година со кое подносителот се упатува да се обрати до надлежни органи; барање до МВР примено на ден 24.04.2014 година и решение на Основен суд Скопје I од 04.09.2009 година со кое се отфрла жалбата на подносителот како недозволена.

По разгледувањето на пријавата и документацијата доставена во прилог, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапиле надлежни органи поради што оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**